СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Триесеттата  и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 јануари 1996 година

Скопје, јануари 1996 година

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Триесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 јануари 1996 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на РМ, со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претресот на Триесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Јован Србиновски, Благој Стефановски, Никола Г .Поповски, Игнатие Богдановски, Марјан Начевски, Драгољуб Поповиќ, Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Марјан Котлар, Николина Трајановска, Ратка Куљан Зографска, Слободан Најдовски, Звонко Каров, Лазар Димов, Александар Гештаковски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

Продолжуваме со расправа по точките.

Продолжуваме со **6-та точка** - Предлог за донесување на закон за царинската тарифа.

Бидејќи го заклучив претресот, на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за царинската тарифа.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Нацрт на закон при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и искажува-

њата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (66 пратеници)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката 7** - Предлог за разрешување на судија на Окружниот стопански суд во Скопје.

Предлогот на Републичкиот судски совет Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (67 пратеници)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Љубомир Крстевски е разрешен од функцијата судија на Окружниот стопански суд во Скопје поради исполнување на услови за старосна пензија.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Триесет петтата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 11,20 часот).